# Он-лајн контингентот на билети се распродаде за 45 минути

Билетите за најголемиот музички спектакл „Златна бубамара на популарноста“, кој годинава ќе се одржи на 22 февруари во ВИП арената „Борис Трајковски“, а кои беа пуштени во продажба на 24 јануари на пладне, беа распродадени за 45 минути.



Поради големиот интерес и повеќе од 9000 побарувања преку он-лајн сервисот МК Тикетс, организаторот наредниве денови ќе ги извести заинтересираните за подобар живот дали ќе обезбеди уште едно количество билети за он-лајн продажба.

„Дваесет и првото издание на омилената манифестација во 21. век е во исчекување на подобар живот. Бидејќи нема чист воздух и подобар живот, единствено што ни преостанува е – добрата забава! Ја затворија Универзална, ни го затворија Метрополис – ни остана само уште Борис! Затоа излезете од општествениот притвор и отворете порти за многу подобар живот! Златна Бубамара ќе се одржи за првпат во ВИП арената ’Борис Трајковски‘.

Ве очекуваме!

Патни трошоци не ви признаваме, а за сѐ друго Ќе разговараме. И да знаете - колку и да трае Ќе си седите!“ – стои во прогласот на Штабот на „Златна бубамара на популарноста“.